УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
С К О П Ј Е

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
НА СТУДЕНТИТЕ ОД **I** ГОДИНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ
ЗА УЧЕБНАТА **2007/2008** ГОДИНА

Се известуваат студентите запишани во **I** година на учебната **2007/2008** година дека новата учебна година ќе започне на **1.10.2007** година (понеделник) во **11.00** часот, во Големиот амфитеатар на Факултетот. Новите студенти ќе ги поздрави деканот на Факултетот, проф. д-р Трајан Гоцевски, и претставникот на Сојузот на студентите на Факултетот.

По свечениот прием во Амфитеатарот, студентите ќе бидат примени од раководителите и другите наставници и соработници на институтите кои ќе ги запознаат со студиските програми, распоредот на часовите, правата и обврските кои произлегуваат од студирањето и ќе им бидат врачени индексите и прирачниците за студирање.

По завршувањето на свечениот прием, работниот дел ќе продолжи по следниов редослед на простории:

1. Институт за **социјална работа и социјална политика** – во Големиот амфитеатар;
2. Институт за **дефектологија** – во Предавална **11**;
3. Институт за **одбранбени и мировни студии** – во Амфитеатар **II** (до естетичка лабораторија);
4. Институт за **психологија** – во Амфитеатар **IV**;
5. Институт за **историја и историја со архивистика** – во Предавална **3**;
6. Институт за **филозофија** – во Предавална **8;**
7. Институт за **историја на уметноста и археологија** – во Електронската училница;
8. Институт за **педагогија** – во Предавална **10**;
9. Институт за **социологија** – во Салата за состаноци, и
10. Институт за **класични студии** – во својата библиотека.

Вонредните студенти ќе ги добијат индексите во Одделението за студентски прашања, секој работен ден од 12.00 до 15.00 часот.

24.09.2007 година
С к о п ј е

ОД ДЕКАНАТОТ
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Соопштението да се достави на:
-институтите
-огласните табли на институтите
-огласните табли на Оддел.за студ.прашања
-деканот, продеканите и секретарот,
-претседателот на Сојузот на студентите,
и др.